РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1499/4
26 -07- 2023
(2021)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 89 - та седница, прво продолжение, одржана на 20.07.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 09-1499/1 од 08.04.2021 година оформен врз основа на пријава против лицето -------, член на Училишен одбор во ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите во пријавата се потврдени, но нема прекршување на одреди од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и после настаната промена на фактичка состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување за предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител поднесена е пријава против ------, член на Училишниот одбор во --------, по што е оформен предмет бр. 09-1499/1 од 08.04.2021 година.

Во пријавата наведено е дека лицето ---------- во определен временски период била претседател на Училишниот одбор во ------- и исто така е претседател на Комисија за јавни набавки. Понатаму, во останатиот дел од пријавата има наводи за постоење на непотизам односно влијание при вработувањето на лицето ------- како професор во здравствена струка во периодот од 2017 година до септември 2020 година во истото училиште, по што согласно пријавителот лицето е син на ----------.

Согласно член 76 став 3 од ЗСКСИ, заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

По проверка на наводите од пријавата преку добиена документација од Државно училиште --------, се констатира дека лицето --------- по нејзино барање, доставено до -------- од 25.02.2020 година се **откажува** од вршење на работите од областа на јавните набавки и тоа како претседател на Комисијата за јавни набавки, локален администратор и единица за јавни набавки и во прилог доставена е Изјава од -------- доставена до Директорот на --------------.

Исто така, известени сме дека на лицето --------- работниот однос на работното место наставник по стручни предмети од здравствена струка му престанал заклучно со 15.10.2020 година, по што во прилог е доставена Спогодбата за престанок на работниот однос во ----------.

Од вака утврдената состојба, ДКСК на седницата одржана на ден 20.07.2023 година одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.Џ-советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: С.П.Д– член на ДКСК